Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

Врз основа на член 151 и член 155 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ”, бр.13/06...35/18 и „Службен весник на РСМ“, бр.275/19 и 290/20), Управата за јавни приходи објавува

# ОГЛАС БР.01/2022
# за продажба на движни и недвижни ствари

| Ред. Бр. | Дирекција/бр.заклучок/ тип на продажба | Опис | Проценета/ почетна вредност | Место и време на разгледување на стварите и одржување на јавна аукција/комерцијална продажба |
|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 |
| | | ДВИЖНИ СТВАРИ | | |
| 1 | Регионална дирекција Штип<br>бр.27-38/9-4/1<br>Електронска слободна комерцијална продажба | **МАШИНИ ЗАПРОИЗВОДСТВО НА КЛИНЦИ (исправање, сечење, острење, намотување, одмотување, избелување, пакување и мерење), количина 12** | / | **Разгледување**: Во секое време на http://e-aukcii.ujp.gov.mk или во Кратово с.Талашманце бб, од 12 - 20.01.2022 г. од 9 до 15 ч.<br>**Електронска слободна комерцијална продажба**: На 31.01.2022 г., од 11 до 13 ч., на веб порталот http://e-aukcii.ujp.gov.mk<br>**Контакт лице УЈП**: Маре Данкова, тел.075/248-278 |
| 2 | Регионална дирекција Прилеп<br>бр.2719-13/5/1-3/8<br>Усна слободна комерцијална продажба | **ПМВ BMW 535 D, PP-8885-AC, 2007 година**<br>**Машина, Дигитален струг-дребонг, бр.HARRIS SL 330**<br>**ТМВ IVECO 4400ET/LD440ET4TT, PP-8079-AC, 1999 година**<br>**Приклучно возило LDS PS 33, PP-2584-AC, 2003 година**<br>**Апарат за мерење на зафатнина и точење на течни горива со три точачки места DRESSER WAYNE GLOBAL STAR LHR C33-33 VR1, 2017 година** | / | **Разгледување**: Во секое време на улица Стеван Димески Ништакот бр.5А Прилеп, на 17.01.2022 г. од 11 до 13 ч.<br>**Усна слободна комерцијална продажба**: На 31.01.2022 г. од 11 до 13 ч., во просториите на РД Прилеп<br>**Контакт лице УЈП:** Слободан Ивановски, тел. 076/446-584 |
| 3 | Регионална дирекција Битола<br>бр.2719/015-32/5<br>Трета електронска јавна аукција | **Алатна машина глодарка Prvomajska ALG 100** | 212.175,00 | **Разгледување**: Во секое време на http://e-aukcii.ujp.gov.mk или во Охрид ул.Железничка бб, на 17.01.2022 од 10 до 13 ч.<br>**Јавна аукција**: На 31.01.2022 г. од 11 до 13 ч., на веб порталот http://e-aukcii.ujp.gov.mk<br>**Контакт лице УЈП**: Мендо Матески, тел 070/464-044 |
| 4 | Регионална дирекција Битола<br>бр.2819/15-46-4<br>Трета електронска јавна аукција | **ВАКУМ ПУМПА ДВП 800 - количина 1** | 109.120,00 | **Разгледување**: Во секое време на http://e-aukcii.ujp.gov.mk или во Струга ул.Дебарски пат, на 18.01.2022 г. од 10 до 13 ч.<br>**Јавна аукција**: На 31.01.2022 г. од 11 до 13 ч., на веб порталот http://e-aukcii.ujp.gov.mk<br>**Контакт лице УЈП**: Мендо Матески, тел 070/464-044 |
| | | **ВАКУМ МЕТАР количина 1** | 3.581,00 | |
| | | **РЕГУЛАТОР ЗА ВАКУМ - количина 1** | 12.962,00 | |
| | | **РЕЛИСЕР КОМПЛЕТ СО МЛЕЧНА ПУМПА - количина 1** | 88.429,00 | |
| | | **АПАРАТ ЗА МОЛЗЕЊЕ ДУОВАК СО ИНДИКАТОР- количина (4*37,807,00)** | 75.614,00 | |
| | | **ПОТОПНА ПУМПА - количина1** | 351.964,00 | |
| | | **ЛАКТОФРИЗЕР - количина1** | 358.855,00 | |

1) За стварите кои се предмет на електронска **ЈАВНА АУКЦИЈА (колона 1)**, може да учествуваат само оние лица кои успешно се регистрирале и претходно уплатиле депозит во висина од 10% од утврдената вредност на движните/недвижните ствари, најдоцна до 21.01.2022 година (петок), на трезорска сметка на Министерство на финансии 100000000063095, депозитна сметка на Управа за јавни приходи 0900515679-696-10, приходна шифра 725939, програма 20.
Доколку депозитот е навремено уплатен, ќе добиете порака на вашата е-пошта (пријавена при регистрација за учество на електронската јавна аукција) дека ги исполнувате условите за учество на електронската јавна аукција. Откако ќе креирате свој кориснички профил, пријавата и регистрацијата за учество на електронската јавна аукција и наддавање за движните/недвижните ствари можете да ги направите најдоцна до последниот рок за уплата на депозитот.
Условите за учество на јавното наддавање и Упатството за употреба на е-аукциите се објавени на веб порталот http://e-aukcii.ujp.gov.mk
Јавна аукција ќе се одржи по електронски пат со електронски сервиси кои ги обезбедува УЈП.
Учесникот кој дал најповолна понуда за движна ствар е должен веднаш да ја уплати разликата од купопродажната цена, а најповолниот купувач на недвижната ствар, во рок од 8 (осум) дена од денот на заклучување на електронската јавна аукција. Во спротивно, продажбата со решение се огласува за неважечка, а купувачот го губи правото на враќање на депонираниот депозит. Стварите се продаваат по системот видено-купено, дополнително рекламации не се примаат. На понудувачите чија понуда не е прифатена депозитот им се враќа по заклучувањето на јавната аукција.
За истото ќе бидат известени со порака на нивната е-пошта.

2) За стварите кои се предмет на електронска **СЛОБОДНА КОМЕРЦИЈАЛНА ПРОДАЖБА (колона 1)**, сите заинтересирани лица треба да доставаат понуди на порталот во делот кој се однесува на слободна комерцијална продажба објавен од надлежната ДГДО/Регионална дирекција/Центар за складирање и впаричување на движни ствари (колона 1) во период за времетраење на електронската јавна аукција/слободната комерцијална продажба.
**Усна слободна комерцијална продажба**: ** Сите заинтересирани лица да доставаат понуди за усна слободна комерцијална продажба, понудата треба да се достави во затворен коверт со назнака ПОНУДА ЗА СЛОБОДНА КОМЕРЦИЈАЛНА ПРОДАЖБА ПО ОГЛАС БР. 01/2022, (НЕ ОТВАРАЈ) до УЈП - Регионална Дирекција Прилеп, Одделение за наплата на долгови до 21.01.2022 година, додека одружувањето на усната слободната (комерцијална) продажба- отварање на понудите ќе се одржи на ден 31.01.2022 година од 11,00 до 13,00 часот. Во понудата потребно е да се доставаат податоци за контакт :телефон и е-маил адреса на кои на ден 31.01.2022 година ќе може да се извести лицето чија понуда е прифатена.* Стварите се продаваат по системот видено-купено. Дополнителни рекламации не се примаат. Лицето чија понуда ќе биде прифатена ќе биде објавено на ден 31.01.2022 година (понеделник) на веб порталот на УЈП http://e-aukcii.ujp.gov.mk
Истиот во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на известувањето на неговата е-пошта дека неговата понуда е прифатена, должен е да изврши уплата на понудената цена, на трезорска сметка на Министерство на финансии 100000000063095, депозитна сметка на Управа за јавни приходи 0900515679-696-10, приходна шифра 725939, програма 20.

e-aukcii.ujp.gov.mk